21553

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

6. VII. 1974

ПРЕД ГОДИНАШНАТА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# ГОЛЕМ ОДЗИВ НА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ УМЕТНИЦИ

• ДОСЕГА УЧЕСТВОТО ГО ПОТВРДИЈА ИЉАЧЕВ И СКУЛМЕ (СССР), МАЧОНГ И БОГУСЛАВСКИ (ПОЛСКА), ВЕРОНИКА ВИРБЕН (ФРАНЦИЈА) И ПЕТЕР МАКАРТИ (АНГЛИЈА), КАКО И ПОВЕЌЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СЛИКАРИ • НЕЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ МЕЃУ МАКЕДОНСКИТЕ УМЕТНИЦИ



Струмица, јули

**ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА ПРИ РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ** во Струмица при крај се подготовките за пречек на гостите и на учесниците на годинашнава единаесетта по ред Струмичка ликовна колонија, што ќе се одржи од 1 до 20 август. Оваа традиционална културна манифестација годинава стартува со уште поголема желба да го оправда своето високо реноме, дотолку повеќе што, како што е познато, минатата година за успешно организирање на претходните десет колонии Работничкиот универзитет „Јосиф Свештаров" во Струмица ја доби наградата „11 Октомври".

Треба да се одбележи, исто така, дека и за годинашнава ликовна колонија интересирањето за учество е мошне големо и тоа на познати странски сликари не само од Европа, туку и од вон европските земји. Ова бездруго говори дека Струмичката колонија веќе има широка и достојна афирмација не само во Југославија и во светот. До центарот за култура при Работничкиот универзитет во Струмица пристигнаа повеќе пријави за учество од Советскиот Сојуз, Полска, Франција, Англија, Јапонија, Израел и други. Своето учество го потврдија ликовните уметници од СССР **Иљачев** и **Скулме, потоа Мачонт** и **Богуславски** од Полска, **Вероника Вирбен** од Франција и **Питер Макарти** од Англија.

**ИНТЕРЕСНО Е ДА ГО ОДБЕЛЕЖИМЕ** и тоа дека многу домашните учесници што го потврдиле своето учество на колонијата годинава ќе присуствуваат афирмираниот сликар Милиќ Станковиќ од Мачва, потоа Нове Франговски, Невена Крајгер, Димитар Малиданов, Виолета Чауле, Златко Стефановски, Таки Павловски, Дејан Илиќ, Светлана Златиќ — Илиќ и други. Овој список од домашни уметници е отворен за уште по двајца уметници од сите републики и покраини.

Навистина загрижува фактот дека интересирањето и одзивот за учество на Струмичката ликовна колонија од страна на македонските уметници се недоволни.

**И. Станоев**